# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата и постигнатите резултати на ООУ,,Климент Охридски,, Миравци

во учебната 2021/22 година

## 1. ВОВЕД

Согласно Член 113 од Законот за основно образование (Сл.весник бр.161/19 и 229/20) директорот на училиштето го поднесува следниот

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата и постигнатите резултати на ООУ,,Климент Охридски,, Миравци во учебната 2021/22 година

## 2. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Климент Охридски“ Миравци опфаќа ученици од I до IX одделение од Миравци, Петрово, Милетково, Смоквица и Давидово. Во централното училиште во Миравци има 121 ученик распоредени во 9 чисти паралелки од I до IX одделение. Во подрачните училишта во Милетково, Смоквица и Давидово има вкупно 28 ученици распоредени во три комбинирани паралелки. Во учебната 2021/2022 година учат вкупно 149 ученици.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик, во една смена.

Условите за работа во централното училиште во Миравци се оптимални. Солидни се и условите за работа и во подрачните училишта во Давидово, Смоквица и Милетково. Во ПУ во Смоквица има потреба од обновување на фасадата, додека во ПУ во Милетково, покрај извршените досегашни доработки потребно е и одредено доуредување на училишниот двор како и промена на азбестен покрив.

Доста е солидна и опременоста на училиштето со основен училишен мебел, дидактички средства за работа и друго.

На почетокот и во текот на оваа учебна година се набави и направи следново: се набавија 169 лектирни и други наслови на книги, 5 паметни табли, 4 проектори, 4 држачи за истите, 1 телевизор и 1 клима уред инвертер, 15 таблети, 2 печатача (од кои 1 со скенер и копир), 1 дувалка за лисја за двор, 2 греалки, 15 клупи единечни и 10 клупи двојни за во ЦОУ како и мебел во ПУ Смоквица, 4 мандолини и разни потребни нагледни средства. Од доделените пари од проектот за МИО активности набавени се лаптоп и дигитален апарат. На почеток и во текот на првото полугодие се заменија 1 прозор и врати на училници во ПУ и на котларата, се поплочија скалите и просторот пред влезот на ЦОУ, се заменија

плочките во машкиот и женскиот тоалет на еден спрат а во сите тоалети се заменија нови чешми. Решетките на сите прозори во училиштето кои беа статични, поминаа процес на сечење, местење нови профили, фарбање со цел да бидат оспособени да се отвораат и да бидат заклучени со катанци. Се изгради летна еко училница во училишниот двор.

Воспитно - образовниот кадар го сочинуваат: директор, педагог, дефектолог и 24 професори, односно наставници. Карактеристично во нашето училиште е тоа што голем број професори реализираат настава и во други училишта или доаѓаат од други училишта. Сите наставни предмети се стручно застапени.

## *3. ПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА ГОДИНА*

Стартот и целиот понатамошен тек во учебната 2021/22 година беше исполнет со најразновидни активности:

-на почетокот на учебната година се изработија програми за работа за сите наставни и воннаставни области и тела на ниво на наставник и на ниво на училиште;

-се изврши распределба на наставни часови и други задолженија на наставниците;

-се прибираа документите за запишување на наши завршени ученици од деветто одделение во прва година во средните училишта;

-се распоредија бесплатните учебници за учениците согласно протоколите за заштита од Ковид-19;

-се дезинфицираа просториите во централното и подрачните училишта и се подготвуваа согласно протоколите за почитување на мерките за заштита од Ковид - 19;

-се прибираа податоци за ученици кои се пријавиле за користење на правото на додаток за образование.

## *4. ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОР*

Годишната програма за работа на училиштето се изработи согласно упатствата за изработка на годишна програма за работа на основно училиште. Истата се донесе на 13.08.2021 година.

Во текот на учебната 2021/22 година се реализираа голем број активности и тоа:

-Првиот училишен ден (01.09.2021), се реализираше скромно со кратка посета во сите паралелки од страна на директорот и педагогот и укажан поздрав до сите ученици за среќна и успешна учебна година, а воедно и за потсетување на почитување на мерките за заштита од Ковид 19, припишани од Министерството за здравство. Се одржа свечено одбележување на првиот училишен ден на првачињата со кратка изведба во училишниот двор од страна на шестоодделенците и се искажа порака за голем успех низ текот на целокупното школување со желба училиштето да биде нивен втор дом и место каде што ќе напредуваат, ќе созреваат и ќе се надоградуваат.

- Со решение од надлежни институции, учебната 2021/22 година започна и се одвиваше со физичко присуство за сите ученици, се разбира со почитување на протоколите за заштита од заразата. За ученикот од шесто одделение (дете со ПОП-слабовидност) беше доделен образовен асистент кој го придружува на сите часови и му помага и асистира при совладување на наставниот материјал.

- Првата полна недела во октомври – ја одбележавме детската недела, овогодинешното мото гласеше „Јас избирам здравје, а ти?“ и согласно програмата која што ја изготви училиштето сите ученици секојдневно беа вклучени преку запознавање и дискусија со основните права и обврски од Конвенцијата за права на децата, литературно творење на повеќе теми проследени со културно-уметничка изложба, како и литературно творење по повод Светскиот ден на учителот. За првачињата се реализираа повеќе активности: кратки рецитали за првачињата од страна на нижите одделенија, групна заклетва, доделување на детски пасош и детски беџ. На состанок на ученичката заедница со тајно гласање, се избра ученички правобранител;

- На тромесечие се реализираа тестирања по сите наставни предмети и согласно стандардите и критериумите за оценување наставниците ги утврдија првите оценки за учениците. На редовна основа е-дневникот се надополнуваше и родителот секогаш имаше увид во воспитно-образовниот процес на своето дете.

- Наши ученици заземаа учество на Општинскиот натпревар ,,Млади библиотекари 2021” во организација на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија на кој учествуваа натпреварувачи од сите општински основни училишта. Нашите ученици освоија второ и трето место. Ученици од предметните одделенија следеа онлајн обуки и учествуваа во детски парламент каде дебатираа со нивните врсници на ниво на РСМ на тема „Онлајн настава наспроти настава со физичко присуство“. Учениците од деветто одделение по предметот Граѓанско образование, заземаа учество во ученичката иницијатива на тема „Поттикнување на демократска клима во училиштето“ и низ свои иницијативи и активности го промовираа „Како да го намалиме врсничкото насилство и поттикнување на добрината“.

- Сите ученици учествува во еколошката акција на НЛБ Тутунска Банка на тема „Штедење“ каде што цел месец собираа пластични шишиња и иако не освоија награда спаѓаат во листата на училишта кои собрале задоволителен број пластичен отпадок. Исто така сите ученици учествуваа во ликовниот конкурс „Штедење“ и „Да ја сочуваме нашата планета“ под организација на НЛБ Тутунска Банка.

- Дел од наставниците учествуваа на дводневна обука организирана од Црвен крст Гевгелија, сиот наставен кадар проследи онлајн обука „Основна обука за заштита и спасување“, од страна на Дирекција за заштита и спасување, Скопје, понатаму следеа практични вежби како евакуација при случај на пожар и правилно ракување и употреба на ПП апаратите. Од страна на Отворен граѓански универзитет за доживотно учење-Неготино, сиот наставен кадар проследи еднодневна обука „Безбедност при работа“, дел од наставниот кадар и стручната служба проследија онлајн обука „Трговија со деца“ организирана од Биро за развој на образованието.

- Се изработија прегледи за крај на претходната и почеток на оваа учебна година за потребите на Државниот завод за статистика;

-Во повеќе наврати се разгледуваа новите правилници (водење на педагошка евиденција и документација, вонннаставни активности, оценување, туторство, професионална ориентација на учениците и тн) ;

- Соработката со родителите (групно и индивидуално) се одвиваше по телефон, онлајн вклучувајќи се на платформата MS-TEAMS, надвор од училиштето кога временските прилики го дозволуваа тоа и по потреба со физички посети почитувајќи ги правилата и мерките согласно протоколите за заштита од Ковид 19;

- Група од 32 ученика од предметните одделенија, предводени од еден наставник, земаа учество на Меморијален марш во чест на „Димитар Кангов – Кангата“ организиран од Спортскиот планинарски клуб „Кожув“ од Гевгелија и се искачија на највисокиот врв на Кожув - Зелен Брег. Учениците уживаа во прекрасниот ден, изобилството на сонце и чистиот воздух во недопрената убавина на нашиот планински бисер;

- По повод 11 Октомври група ученици положија свежо цвеќе и оддадоа почит на паднат борец во центарот на Миравци;

- По повод месецот на книгата се реализираа онлајн рецитали на учениците од ЦОУ и ПУ;

- Во периодот од 22.11.2021 до 24.11.2021 година во нашето училиште од посета на тројца државни просветни инспектори се спроведе Интегрална евалуација. До овој момент, сеуште сме во очекување на нацрт извештајот од државните просветни инспектори,Овој нацрт извештај би бил од огромна корист за нас како училиште, бидејќи врз основа на извештајот од интегралната би ги согледале своите слаби и силни страни и истите би послужиле како основа за наредниот развоен план на училиштето, за изработка на самоевалуацијата, како и за правилен избор на планот за професионална ориентација.

- По повод 3 Декември –ден на децата со посебни образовни потреби, нашето училиште со претставници од предметните одделенија и директорот беа во посета на Центарот за деца со посебни потреби „Мајка Тереза“ каде што ги посетија децата од Центарот и им однесоа подарок.

-Патрониот празник на училиштето 8 Декември се одбележа со онлајн свечена програма: музички и прозен рецитал, цртежи - кои беа објавени на јутјуб каналот;

- По повод Нова Година се реализираше онлајн рецитал, изработка на честитки, доделување на новогодишни подароци. Подароци на учениците од прво одделение обезбеди градоначалникот на општина Гевгелија, покрај училиштето што обезбеди подароци за учениците од прво до петто одделение и приватен донатор ги изненади истите ученици со убави подароци. Имаше и приватна иницијатива за доделување на новогодишни пакетчиња на учениците од ПУ Смоквица и во ПУ Давидово.

- Се следеа сите видови планирања на наставниците и за состојбата со истите се изготви извештај;

- Второто полугодие започна со одложување од 10 дена односно наместо на 21.01.2022 како што беше предвидено според Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година, започна на 01.02.2022 година, по препорака од Министерството за здравство поради зголемениот број на заразени со вирусот Ковид 19 и неговите мутации.

- Во текот на второто полугодие се оствари онлајн соработка со училиштето во с.Прпарими во Чегране, поврзана со МИО активностите. Оваа онлајн средба беше на тема: најстарата фолклорна традиција во гевгелиско Миравци - народната манифестација „Ѓура Мара“ која опстојува жилаво повеќе од 150 години кај нас. Со партнерското училиште беа споделени обичаи и традиции во врска со оваа народна манифестација како и обичаите за големиот христијански празник Велигден.

- Според предвидените активности поврзани со професионалната ориентација, педагогот оствари неколку средби со учениците од деветто одделение, каде што навремено ги запозна и поттикна да размислуваат за својот иден избор за средно училиште односно средно образование. Во понатамошните средби со учениците се направија неколку тестови на личноста и прашалници за самоспознавање за полесно поврзување со себе и откривање на своите способности, вештини и интереси. Кога беше истакнат јавниот конкурс за упис во јавните средни училишта, им беше понудена помош за полесно разбирање и разјаснување на било какви нејаснотии поврзани со уписот. Во текот на месец мај повеќе јавни средни училишта го посетија училиштето и одржаа презентации пред учениците од IX одделение преку кои ја промовираа работата на своите училишта.

- Комисијата за избор на првенец на генерацијата согласно постапката за избор на првенец на генерација и водејќи се според Правилникот за оценување, ги претстави на Наставничкиот совет кандидатите и нивните бодови, и едногласно се одлучи оваа учебна 2021/22 година да го прогласи Леонид Цуклев за првенец на генерацијата со убедливи 343 бодови, односно со 290 бодови повеќе во споредба со своите конкуренти.

- По завршувањето на учебната 2021/22 година на учениците од деветто одделение им беа доделени свидетелствата и беа испратени со желби за голем успех во иднина и високи постигнувања на секое поле;

- Комисијата за запишување на ученици во прво одделение за учебната 2022/2023 година, во текот на месец мај го разгледуваше списокот на деца родени од 01.01.2016 до 31.12.2016 година и во јануари 2017 година доделен од основачот

и ги покани на упис сите деца согласно списокот кои реонски припаѓаат во ООУ „Климент Охридски“ Миравци. По спроведениот упис, запишани ученици во прво одделение во ООУ „Климент Охридски“ Миравци има 15 ученици, од кои 11 во ЦОУ, 3 ученици во ПУ Давидово и 1 ученик во ПУ Милетково.

- Преку целата учебна година имаше стручна соработка со наставници – почетници, разговори и советувања со ученици кои манифестираат несоодветно однесување, како и со нивните родители/старатели;

- Работни задачи реализира и комисија за проверка на познавањето на македонскиот јазик и кирилското писмо;

- Се изработија потребните видови програми за работа со деца со посебни образовни потреби;

- Се отпочна со пакет вежби за подобрување на вештините на читање и пишување и др;

- И оваа учебна година учениците и вработените продолжија со собирање пластични шишиња и хартија и истите ги подготвуваат за рециклирање;

- Користењето на ИКТ во наставата е согласно програмите за работа;

- Реализација на часови од додатна и дополнителна настава е согласно потребите на учениците и истата се изведува врз основа на детален распоред објавен на огласна табла и на онлајн платформата;

- Реализацијата на часовите од задолжителните и изборните наставни предмети е целосна и согласно планираната динамика и услови за работа;

- Задолжителен странски јазик кај нас е англискиот јазик и истиот се реализира за сите ученици од прво до деветто одделение. Изборен странски јазик е германски јазик и се реализира од шесто до деветто одделение;

- Во текот на учебната година се посетија наставни часови од страна на директорот и педагогот;

- Сите ученици се целосно интегрирани во наставата;

- Се следеше педагошката евиденција и документација, за истите се направија решенија и се корегираа грешките во евиденцијата согласно правилникот за водење педагошка евиденција и документација;

- Се издаваа преведници и дупликат свидетелства на наши поранешни ученици;

- Соработката со медицинскиот центар од Гевгелија се одвиваше во доменот на имунизација на учениците, систематски преглед на вработените и др. Со

матичниот лекар во Миравци соработката непречено се одвива, особено при итни интервенции во случај на повреди на ученици и др.

- Покрај редовното одржување на хигиената – секојдневно се контролираше состојбата со изостанување на ученици од настава поради болест или други причини, постојано, по неколку пати во денот, се дезинфицираше цело училиште, редовно се користеа поставените бришачи за кондури на влезовите во училиштето и во училниците, се контролираше и миењето на рацете од страна на учениците, секојдневно им се мереше температура на сите ученици и вработени во текот на целата учебна година до моментот кога тоа беше укинато од страна на надлежните институции.

- Согласно Протоколите во училиштето не се организираше исхрана за учениците. Тие си носеа храна од дома и во зимскиот период се појадуваше во училница, а кога почнаа да дозволуваат временските услови, учениците појадуваа надвор во дворот на училиштето;

- Следењето на напредокот на учениците, проверката на знаењата и формирањето на оценките односно описното оценување, се вршеше согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците, припишан од МОН и БРО.

- Сите наставници целосно и редовно го пополнуваа е-дневникот.

- Посебно сакаме да ги потенцираме нашиот труд и залагањата за грижата за здравјето на учениците и вработените и придржувањето кон сите укажувања од Министерството за образование и Министерството за здравство, што ни е редовна заложба, а посебно зголемено од појавата на пандемијата на Ковид 19.

Задоволни сме од соработката со родителите, Советот на родители, Училишен одбор, поедини бизнисмени од локалната средина и градоначалникот на општина Гевгелија. Тие учествуваат во сите наши активности и ни помагаат во рамките на своите можности.

. Секојдневна и квалитетна е нашата соработка со општина Гевгелија, Службата за јавно здравје, БРО, Државен просветен инспекторат, други основни и средни училишта, културни и јавни установи, МВР, Центарот за социјални работи и др.

Покрај воспитно-образовни, во училиштето се реализираат и многу други задачи во соработка и за потребите на други државни институции како: Државен

завод за статистика, Агенција за заштита и спасување, Агенција за заштита на лични податоци, Агенција за заштита од корупција, Министерство за одбрана....

За нашето работење, за нашите резултати и поважни активности јавноста ја информираме преку локални медиуми, преку учениците, Советот на родители, Училишниот одбор, огласна табла, флаери и информатори, на училишниот facebook профил, на блогот eko-miravci@blogspot.com, веб страната на училиштето www.ooukliment.edu.mk .

## *5. ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА*

Работата на стручните органи и тела беше фокусирана на: разгледување на успехот и поведението на учениците; степенот на реализација на наставните планови и програми; реализација на интерни десеминации и работилници; кога ќе се констатираше потреба наставниците се задолжуваа да реализираат дополнителна настава со одредени ученици; се изрекоа неколку педагошки мерки на ученици поради несоодветно однесување во училиштето и непочитување на куќниот ред во училиштето..

Се разгледуваа иницијативи за начини на подобрување на дисциплината и успехот на учениците. Се анализираа условите за работа во воспитно-образовниот процес.

## *6. УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИ*

Сите одделенски раководители поднесоа извештаи за постигнатиот успех и поведение на учениците. Деталната анализа на истите, нивната споредба со податоците од минатогодишниот годишен извештај резултира со неколку интересни податоци и показатели:

- Бројот на оправдани отсуства од настава е малку зголемен од минатата година и изнесува 2536 оправдани отсуства, додека минатата година биле 2354, а преполовен е бројот на неоправданите отсуства од настава и изнесува 67 во споредба со минатогодишните 120;
- Бројот на изречени педагошки мерки е единаесет (11). Се изрекоа следниве педагошки мерки (5 усни опомени-по една во шесто, седмо и осмо, а две во деветто одделение, 2 писмени опомени-по една во шесто и деветто

одделение, 2 укора/неодобрување на постапката -по еден во шесто и деветто одделение и 2 намалени поведенија на добар-по една во шесто и деветто одделение); Причините за педагошките мерки се голем број изостаноци и нередовно следење на наставата, непочитување на куќниот ред и правилата во училиштето, како и недисциплина на часовите.

- Средниот успех во V одделение е највисок и изнесува 4.5, а во IV одделение 3.78.
- Во предметните одделенија највисок среден успех се забележува во IX одделение 4.16, во VIII и VI одделение средниот успех изнесува 3.94 (во VIII одд.) и 3.92 (во VI одд.), а во VII одделение најнизок 3.59.
- Средниот успех од IV и V одделение е 4.14, додека од VI до IX одделение е 3.83. На ниво на училиште средниот успех изнесува 3.98;
- Се забележува многу мало опаѓање на средниот успех од минатата година кога изнесувал 4.00.
- На самиот почеток на учебната година се дојдени и приклучени два ученика, 1 ученик во VI одделение и 1 ученик во VII одделение, истите, оваа учебна година ја следат од уште од првиот училишен ден, додека во текот на второто полугодие (во месец април) придојден е 1 ученик во ПУ Давидово во II одделение.

## *7.ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА*

Во текот на целата учебна година, од страна на директорот и педагогот, се следеше педагошката евиденција и документација (одделенски дневници, главни книги, записнички книги на стручни тела и др.). Се следеа сите видови планови и програми на наставниците и за евентуалните пропусти во евиденцијата и документацијата се дискутираше на наставнички совет и во индивидуални консултативни разговори, а направените грешки во пишаната педагошка документација се корегираа врз основа на донесени решенија.

## *8.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

Оваа учебна 2021/22 година се одвиваше со физичко присуство и сиот наставен кадар и учениците се придржуваа кон мерките за безбедност и заштита од Ковид 19. Преку целата учебна година наставниот кадар се трудеше да ги мотивира и активира учениците кои во текот на минатите две учебни години, следејќи онлајн настава изгубиле одредени работни навики, мотивација и стремеж кон поголем успех. Стручната служба во соработка и одлична комуникација со наставниците неуморно ги следеа учениците, а по потреба и ги повикуваа на поголема активност, трудољубивост и вклученост во воспитно-образовниот процес. Училиштето се трудеше да им ја пружа потребната психосоцијална и емоционална поддршка на учениците и на нивните родители, што како последица од вирусот Ковид 19 се наметна и одигра важна улога во животот на секој засегнат од овие околности.

Во текот на учебната година сите вработени во нашето училиште професионално ги извршуваа своите работни обврски. Сиот воспитно-образовен кадар се заложуваше кон создавање услови за активна настава која е усогласена со новите стандарди на воспитно - образовното работење. Тие вложуваа максимални напори постигањата на учениците да бидат на највисокото можно ниво за секој ученик. Тоа го постигнуваат со постојано осовременување на процесот на учење преку: внесување на ИКТ во наставата, применување на активни форми и техники за работа, зголемување на своите сознанија и искуства во работата со деца со ПОП, посветување на потребното внимание на учење по пат на игра и критичко размислување, усовршување на процесот на оценување на учениците и друго. Со иста цел се и заложувањата на наставниците за реализација на часови од дополнителна настава по чии предмети има послаб успех. Наставниот кадар постојано соработува со стручната служба во училиштето за подобар, поголем и поуспешен ефект врз развојот на учениците. Организацијата на целокупната работа во училиштето е во насока на подобрување на работната атмосфера на часовите со цел учениците слободно и максимално да ја развиваат својата личност согласно своите способности, да се чувствуваат почитувани, задоволни, безбедни, како и да се формираат во одговорни личности. Исто така се чувствува потреба од постојано внесување нови и интересни вонннаставни активности во училиштето заради поголемо и поквалитетно приближување на сите три сегменти на дидактичкиот триаголник (наставник – ученик – родител).

Во нашето училиште, веќе неколку години работи дефектолог. Оваа година беше доделен еден образовен асистент на ученик во шесто одделение со ПОП-слабовидност, а поднесено беше барање за уште три образовни асистенти за два ученика од деветто одделение, ученик со ПОП-слабовидост и ученик со ПОП-елементи на аутизам, како и за еден ученик во прво одделение.

Придобивки во ова полугодие се:

- Постигањата на учениците и нивните наставници од задолжителна настава, покрај големите забележани предизвици предизвикани од минатогодишната онлајн настава а во форма на изгубени работни навики, активно следење на наставен час итн.;
- Квалитетот на активностите на ниво на училиште, одделенски и предметни наставници во работата со децата со ПОП;
- Стекнување на нови навики и прилагодувања во севкупното функционирање во насока на почитување на здравствените протоколи од страна на учениците и од страна на воспитно-образовниот кадар во училиштето;
- Набавката на нагледни средства, книги, ИКТ опрема, мебел, континуирано унапредување и реновирање на училишната зграда и училишниот двор, изградбата на еко-училница и др.

В. д. директор:

________________________________

/Каролина Димитрова/

***Општинско основно училиште***

***,,Климент Охридски,, Миравци***

***Ул.Гоце Делчев 35***

***Општина Гевгелија***

***Тел. 034-511-978  Тел/факс 034/229-017***

***E – mail: oumiravciepiskop@yahoo.com***

***ФБ страница:* ООУ,,Климент Охридски,, Миравци**

**СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ**

**За крај на учебната 2021/22 година**

Во училиштето наставата се изведува на:

**1. Македонски јазик**

2.__________________________јазик

3.__________________________јазик

4.__________________________јазик

***Лице за контакт***

Ивана Ристова

***В.д. директор***

______________________________

/Каролина Димитрова/

## *П Р Е Г Л Е Д*

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки (чисти) на крајот на учебната 2021/22 година со настава на македонски наставен јазик*

| *Училиште* | *Ученици и паралелки по одделенија* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | | *II* | | *III* | | *IV* | | *V* | | ***I – V*** | | *VI* | | *VII* | | *VIII* | | *IX* | | ***V I -IX*** | | ***I - IX*** | |
| | *п* | *у* | *п* | *у* | *п* | *у* | *п* | *у* | *п* | *у* | ***п*** | ***У*** | *п* | *у* | *п* | *у* | *п* | *у* | *п* | *у* | ***п*** | ***у*** | ***п*** | ***у*** |
| *Централни* I - IX | *1* | *13* | *1* | *9* | *1* | *8* | *1* | *11* | *1* | *5* | *5* | *46* | *1* | *15* | *1* | *21* | *1* | *15* | *1* | *24* | *4* | *75* | *9* | 121 |
| Подрачни I - IX | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I - V | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Вкупно* | 1 | 13 | 1 | 9 | 1 | 8 | 1 | 11 | 1 | 5 | **5** | **46** | 1 | 15 | 1 | 21 | 1 | 15 | 1 | 24 | **4** | **75** | **9** | **121** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици во комбинирани паралелеки во подрачните училишта со настава на македонски наставен јазик на крај на учебната 2021/22 година*

| *Училиште* | *Ученици и паралелки по одделенија* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Давидово* | | | | | *Милетково* | | | | | | *Смоковица* | | | | | ***Вкупно*** | | | | | |
| | *Комб.паралелка од следните одделенија* | | | | | *Комб.паралелка од следните одделенија* | | | | | | *Комб.парал. од следните одделенија* | | | | | ***Комб.паралелки Вкупно*** | | | | | |
| | *I* | *II* | *III* | *V* | *П* | *I* | *II* | *III* | *IV* | *V* | *П* | | *III* | *IV* | *V* | *П* | *I* | *II* | *III* | *IV* | *V* | ***П*** |
| *Централни I - IX* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Подрачни I - IX* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Подрачни I - V* | 2 | 5 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | | 2 | 1 | 4 | 1 | 3 | 6 | 8 | 4 | 7 | 3 |
| *Вкупно по одделенија* | 2 | 5 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | | 2 | 1 | 4 | 1 | 3 | 6 | 8 | 4 | 7 | 3 |
| *Вкупно ПУ* | 11 | | | | 1 | 10 | | | | | 1 | 7 | | | | 1 | **28** | | | | | **3** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На наставниот кадар на крај од учебната 2021/22 година*

| *Наставен кадар по наставни јазици* | *Одделенска настава* | | | | | *Предметна настава* | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *проф* | *наст* | *учит* | *неоф образ* | ***се*** | *проф* | *наст* | *учит* | *неоф образ* | ***се*** | |
| *Македонски* | 7 | 1 | | | **8** | 16 | | | | **16** | **24** |
| *Албански* | | | | | | | | | | | |
| *Турски* | | | | | | | | | | | |
| *Српски* | | | | | | | | | | | |
| *Вкупно* | 7 | 1 | | | **8** | 16 | | | | **16** | **24** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*на раководниот и стручнот кадар на крај од учебната 2021/22 година*

| *Работно место* | *Завршено образование* | | *Вкупен работен стаж* | *Работно искуство како директор,пом. И зам. Директор, педагог, психолог, социолог,дефектолог* |
|---|---|---|---|---|
| | *Високо* | *Више* | | |
| ***директор*** | 1 | | 14,00 год. | 0,01 год. |
| *Зам.директор* | | | | |
| *Пом.директор* | | | | |
| ***педагог*** | 1 | | 7,03 год. | 1,01 год. |
| *Психолог* | | | | |
| *социолог* | | | | |
| ***дефектолог*** | 1 | | 8,00 год. | 6,11 год. |

## *П Р Е Г Л Е Д*

*На изостаноците на учениците на крај од учебната 2021/22 година*

| *Наставен јазик* | *Вид на изостанок* | *Одделение* | | | | | | | | | **Се** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *I* | *II* | *III* | *IV* | *V* | *VI* | *VII* | *VIII* | *IX* | |
| *Македонски јазик* | *Оправдани* | 164 | 107 | 508 | 178 | 402 | 397 | 158 | 315 | 307 | **2536** |
| | *Неоправдани* | / | / | / | / | / | 1 | 25 | / | 41 | **67** |
| | *Се* | **164** | **107** | **508** | **178** | **402** | **398** | **183** | **315** | **348** | **2603** |
| *Албански јазик* | *Оправдани* | | | | | | | | | | |
| | *Неоправдани* | | | | | | | | | | |
| | *Се* | | | | | | | | | | |
| *Турски јазик* | *Оправдани* | | | | | | | | | | |
| | *Неоправдани* | | | | | | | | | | |
| | *Се* | | | | | | | | | | |
| *Српски јазик* | *Оправдани* | | | | | | | | | | |
| | *Неоправдани* | | | | | | | | | | |
| | *Се* | | | | | | | | | | |

***П Р Е Г Л Е Д***

*на испишани и/или неоценети ученици во текот/ на крајот од учебната 2021/22 година*

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж |
| Македонски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

*на поведението на учениците на крајот од учебната 2021/22 година*

| *Поведение* | *Одделение* | | | | | | | | | *Се* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *II* | *III* | *IV* | *V* | *VI* | *VII* | *VIII* | *IX* | |
| *Примерно* | 16 | 15 | 16 | 15 | 12 | 15 | 21 | 15 | 24 | **149** |
| *Добро* | | | | | | | | | | |
| *Незадоволително* | | | | | | | | | | |
| *Изречени педагошки мерки* | | | | | | 1 усна опомена<br><br>1 писмена опомена<br><br>1 укор (неодобр. на постап.)<br><br>1 намалено поведение на добар | 1 усна опомена | 1 усна опомена | 2 усни опомена<br><br>1 писмена опомена<br><br>1 укор (неодобр. на постап.)<br><br>1 намалено поведение на добар | 5 усни опомени<br><br>2 писмена опомена<br><br>2 укора (неодобрување на постап.)<br><br>2 намалени поведенија на добар |

**П Р Е Г Л Е Д**

*На бројот на ученици кои користат исхрана на крајот од учебната 2021/22 година*

| *Наставен јазик* | *Исхрана во училишната кујна* | *Друг вид на организирана исхрана* | *Самоиницијативно од учениците* |
|---|---|---|---|
| *Македонски* | | | 149 |
| *Албански* | | | |
| *Турски* | | | |
| *Српски* | | | |

Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2021/22 година

| одд | бр. на учен. | | **Општ успех на учениците** | | | | | | | | **вкупно** | | **Општ успех на учениците** | | | | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | | | со 1 сл. | | **со 2 сл.** | | со 3 и пов.сл. | | неоцене ти | описно оценети | |
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | | | |
| I | 16 | 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 16 | / |
| II | 15 | 9 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 15 | / |
| III | 16 | 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 16 | / |
| IV | 15 | 5 | 8 | 53,3% | 3 | 20% | 4 | 26,66% | | | 15 | 100% | | | | | | | | / | 3.78 |
| V | 12 | 6 | 8 | 67% | 3 | 25% | 1 | 8,33% | | | 12 | 100% | | | | | | | | / | 4.5 |
| I-V | 73 | 33 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 47 | 4.14 |
| VI | 15 | 5 | 5 | 33% | 5 | 33% | 4 | 27% | 1 | 7% | 15 | 100% | / | / | / | / | / | / | / | / | 3.92 |
| VII | 21 | 10 | 4 | 19% | 7 | 33% | 8 | 38% | 2 | 10% | 21 | 100% | / | / | / | / | / | / | / | / | 3.59 |
| VIII | 15 | 7 | 6 | 40% | 5 | 33,3% | 2 | 13% | 2 | 13% | 15 | 99,9% | / | / | / | / | / | / | / | / | 3.94 |
| IX | 24 | 12 | 14 | 58,3% | 3 | 13% | 6 | 25% | 1 | 4,16% | 24 | 100% | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.16 |
| VI-IX | 75 | 34 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 3.9 |
| VII-IX | 60 | 29 | 24 | 40% | 15 | 25% | 16 | 26,66% | 5 | 8,33% | 60 | 99,9% | / | / | / | / | / | / | / | / | 3.89 |
| IV-IX | 102 | 45 | | | | | | | | | | | | | | | | | | / | 3.98 |
| I-IX | 148 | 67 | | | | | | | | | 102 | | | | | | | | | 47 | 3.98 |

В.д. директор:

__________________________________

/Каролина Димитрова/